Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

26 декември, 2022

21-3203/19

Архивски број : 21-3203/19

Предмет: Известување за јавен увид на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП5 СО НАМЕНА Е1.13 – ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ – ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1MW, КО СУШИЦА – ОПШТИНА НОВО СЕЛО**

Почитувани,

Во врска со член 62 став (10) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20), Министерството за транспорт и врски го става на увид на јавноста **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГП5 СО НАМЕНА Е1.13 – ГРАДБИ ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ – ФОТОВОЛТАИЧНА ЕЛЕКТРАНА СО КАПАЦИТЕТ ПОГОЛЕМ ОД 1MW, КО СУШИЦА – ОПШТИНА НОВО СЕЛО**. Јавниот увид ќе трае 15 дена односно од 26.12.2022 до 10.01.2023 година.

Во наведениот рок јавноста има можност да достави свои забелешки во однос на урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план на адресата на министерството за транспорт и врски „Плоштад Црвена Скопска општина“ бр.4, 1000, Скопје како и на е-адресата:

- aleksandar.karangelov@mtc.gov.mk
- vesna.markovska@mtc.gov.mk

Пристигнатите забелешки ги разгледува комисијата за урбанизам од членот 38 од Законот за урбанистичко планирање, која составува записник со образложенија за прифатените и неприфатените забелешки, што се објавува на службената веб страна на министерството.

Со почит,
Раководител на Сектор за уредување на просторот:
Весна Андриевска, диа

Изработил: Александар Карангелов, диа


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Плоштад Црвена Скопска општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

26 Декември, 2022

Архивски број: 21-564/15

До: Агенција за катастар на недвижности

Предмет: Барање за дигитално преклопување

Врска: Наш број 24-6231/1 од 09.09.2021 година

Почитувани,

Ве известуваме дека Министерот за транспорт и врски со Потврда бр. 212578/30 од 16.12.2022 година го потврди – одобри **УРБАНИСТИЧКИОТ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН** ЗА БЕНЗИНСКА ПУМПНА СТАНИЦА СО ПРИДРУЖНИ И УСЛУЖНИ ОБЈЕКТИ НА КП 3621/1, КП 3622, КП 3623, КП 3625/1, КП 3624/1, КО РОМАНОВЦЕ - ВОН.ГР., ОПШТИНА КУМАНОВО, со технички број 09/21 од февруари 2022 година, изработен од Друштво за архитектонски дејности и инженерство, техничко испитување и анализа "ТАЈФА АРХИТЕКТИ" ДООЕЛ КУМАНОВО, доставена преку информацискиот систем „е-урбанизам" како постапка број 37593 заведена во архивата на Министерствотот под број 24-6231/1 од 09.09.2021 година.

Во врска со ова, а согласно член 53 став (3) и (6) од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ 32/20), и по постапувањето по Известувањето по констатирани недостатоци од Агенција за катастар на недвижности број 0939-15791/3 од 07.12.2022 година Ве молиме повторно да извршите дигитално преклопување и потоа да го промените статусот на земјиштето согласно член 54 од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ 32/20).

Исто така Ве известуваме дека дигиталното преклопување и промената на статусот на земјиштето треба да го извршите во рок од 15 работни дена од приемот на ова известување за донесен урбанистички проект на Министерство за транспорт и врски.

Со почит,
Весна Андриевска, диа
Раководител на сектор за уредување на просторот

Подготвил: Александар Карангелов, диа


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина" бр. 4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk